2) Në paragrafin 2 fjalët: "Me dënim me para prej 5000 deri 50000 denarë do të dënohet për kundërvajtjen nga paragrafi (1) i këtij neni edhe" zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë prej 100 deri 1000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i kumtohet për kundërvajtjen nga paragrafi (1) i këtij neni edhe".

3) Në paragrafin 3 fjalët: "Me dënim me para prej 1000 deri 40000 denarë do të dënohet për kundërvajtje nga paragrafi (1) i këtij neni të kryer nga" zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë prej 50 deri 500 euro me kundërvlerë në denarë do t'i kumtohet për kundërvajtjen nga paragrafi (1) i këtij neni".

Neni 9

1) Në nenin 78 paragrafi 1 fjalët: "Me dënim me para prej 5000 deri 50000 denarë do të dënohet për kundërvajtje" zëvendësohen me fjalët: "Gjobë në shumë prej 100 deri 1000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i kumtohet për kundërvajtje".

Paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në shumë prej 100 deri 1000 euro me kundërvlerë në denarë do t'i kumtohet nëpunësit të postës i cili vepron në kundërshtim me dispozitën nga neni 34 të këtij ligji.

Neni 10

Ky Ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën zyrtare të Republikës së Maqedonisë", përveç dispozitave nga nenet 2, 3 dhe 4 të këtij ligji, të cilat do të zbatohen nga 1 shtatori 2007.

---

**1409.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 4 септември 2007 година.

Бр. 07-3797/1
4 септември 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за Царинските мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2005), по членот 19 во насловот на Главата 7 зборот "КАЗНЕНИ" се заменува со зборот "ПРЕКРШОЧНИ".

Член 2

Членот 20 се менува и гласи:

"(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице, а глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, ако постапува спротивно на членот 9 став (3) од овој закон, така што веднаш не ја извести Централната управа на Царинската управа за престанокот на неговото право.

(2) Глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност ќе се изрече за дејствија од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Член 3

Членот 21 се менува и гласи:

"(1) Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице, а глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, ако постапува спротивно на членот 12 став (1) од овој закон, така што добиените податоци од царинскиот орган во смисла на членовите 11 и 13 став (1) од овој закон, ги употреби надвор од постапката и целите за утврдување на повреда на право од интелектуална сопственост.

(2) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе се изрече за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Член 4

Членот 22 се менува и гласи:

"(1) Глоба во износ од 2.500 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правно лице, а глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на физичко лице, ако постапува спротивно на членот 18 од овој закон, така што внесе, пушти во слободен промет, изнесе, извезе, повторно извезе, стави во одложувачка постапка или внесе во слободна зона или слободен склад стока за која во претходно завршена постапка согласно со членот 10 на овој закон е утврдено дека го повредува правото од интелектуална сопственост.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за дејствијата од ставот (1) на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Член 5

По членот 22 се додаваат два нови члена 22-а и 22-б, кои гласат:

"Член 22-а

Согласно со Законот за прекршоците водењето на прекршочна постапка и изрекување на прекршочна санкција за сторен прекршок од членовите 20, 21 и 22 на овој закон, е во исклучива надлежност на прекршочниот орган утврден со Законот за Царинската управа.

Член 22-б

(1) По утврдување на сторен прекршок од овој закон царинскиот службеник на сторителот на прекршокот ќе му врачи покана за плаќање на глоба или платен налог во износ од 200 евра во денарска противвредност за правно лице, односно во износ од 50 евра во денарска противвредност за физичко лице, кога вредноста на стоките кои се предмет на прекршокот не надминува 500 евра во денарска противвредност.

(2) Ако сторителот не ја плати доброволно глобата од ставот (1) на овој член, царинскиот орган ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до царинскиот прекршочен орган."

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", освен одредбите од членот 5 на овој закон, кои ќе отпочнат со примена од 1 септември 2007 година.